**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-3573/1

Скопје 03.10.2021г.

**Предмет: Дневен извештај**

Почитувани,

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик и нашиот институционален Меморандум за соработка, склучен на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за 2 **октомври 2021** година.

Мониторингот за периодот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања во врска со примената на обврската од членот 75 став 1 од Изборниот законик, од страна на националните телевизии, го забележа следното:

Првиот телевизиски програмски сервис на Јавниот радиодифузен сервис ја исполни обврската од членот 75 став 1 од ИЗ, односно - на знаковен јазик за лицата со оштетен слух ги адаптираше Дневникот од 15 часот и интервјуто со Александар Даштевски, претседателот на ДИК.

ТВ 24 Вести го прилагоди со знаковен јазик за лицата со оштетен слух централното издание на дневникот од 20 часот, и на тој начин ја исполни должноста од членот 75 став 1 од ИЗ.

Телевизиите Алсат-М, Сител, Канал 5, Телма и Алфа, не ја исполнија законската обврска, односно не обезбедија информирање на знаковен јазик за лицата со оштетен слух.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**